


# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ММИ

за 2014 година



# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ММИ
# за 2014 година


## АБСТРАКТ

Организацијата за колективно управување со правата на уметниците музички изведувачи и произведувачите на фонограми ММИ Скопје, во изминатата година врз основа на Законот за авторското и сродните права (ЗАПСП) работеше на задачите за остварување на правата на уметниците музички изведувачи и правата на произведувачите на фонограми.

## Содржина

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ММИ за 2014 година ..... 3

КОРИСНИЦИ ..... 3

ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ СО ТАРИФА ..... 3

РАДИОДИФУЗЕРИ ..... 4

УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ ..... 6

ТРГОВСКИ И ДРУГИ РАБОТНИ ПРОСТОРИИ ..... 6

СОФТВЕР ..... 6

ЧЛЕНСТВОТО НА ММИ ..... 7

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА ..... 8

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ММИ за 2014 година

Организацијата за колективно управување со правата на уметниците музички изведувачи и произведувачите на фонограми ММИ Скопје, во изминатата година врз основа на Законот за авторското и сродните права (ЗАПСП) работеше на задачите за остварување на правата на уметниците музички изведувачи и правата на произведувачите на фонограми. Динамиката на обврските на Организацијата беа поделени во неколку сектори и се одвиваа во континуитет и според приоритетите.

Односи со:

КОРИСНИЦИ

Изминатата 2014 година помина во исчекување на спроведувањето на измените и дополнувањата на ЗАПСП. Поради тоа ММИ продолжи да работи според важечката тарифа востановена во 2012 година.

Се потпишаа општи и поединечни договори со корисници како што се: ХОТАМ - Здружението на хотели и ресторани во Македонија, Секторот за туризам при Стопанска комора на Република Македонија, Групацијата на приватните национални телевизии во Македонија во која членуваат Тв Сител, Канал 5, Тв Телма, Алсат и ТВ Алфа. За поголемиот број од корисниците кои не ги извршија законските обврски за подмирување на доспеаните долгови се покренаа Нотарски Решенија, како и судски предмети. Перцепцијата на радиодифузните трговски друштва беше окончана и редовно се ажурираше во зависност од извештајите од Централниот Регистар и Агенцијата за Електронски Комуникации. Поради потпишувањето на билатералните договори со хрватското здружение на продуцентите ЗАПРАФ, како и со организацијата за колективно управување на продуцентите и изведувачите од Словенија ИПФ, оваа година Собранието на ММИ донесе одлука да наплатува од корисниците во износ од 50% од важечката тарифа. Билатералниот договор со српското здружение на продуцентите ОФПС е во фаза на потпишување.

ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ СО ТАРИФА

Кон крајот на 2013 година согласно измените на ЗАПСП, Предлог Правилникот за користење со Тарифата беше објавен како јавен повик на веб страната на ММИ и во два дневни пишани медиуми. На таков начин се побара од сите корисници да се произнесат по Предлог тарифата.

Во законскиот рок од 30 дена свои мислења доставија: Стопанската Комора на Република Македонија, Групацијата на приватните национални телевизии (Сител, Канал 5, Алсат, Телма и Алфа) и кабелските оператори (Македонски Телеком, Оне и заедницата СИЗ МК НЕТ).

Стручната служба на ММИ ги разгледа мислењата и со одлука на Управниот Одбор изврши промени во тарифата и како Предлог Правилник со Тарифа го достави до Комисијата за посредување при Министерството за култура. Во законски пропишаниот рок Комисијата одговори со свои предлози и мислења, воглавно со препораки за намалување на вредностите и износите на скоро секој тарифен број. Во рок од 10 дена Управниот Одбор донесе одлука со која беа прифатени сите препораки од Комисијата. Предлог Правилникот за

користење со Предлог Тарифата сега е во Владата на РМ и според измените и дополнувањата на ЗАПСП се чека на конечниот одговор. Се дотогаш на сила е важечката Тарифа на ММИ од 2012 година.

Во самиот почеток на 2015 година на 11.01.2015 Комисијата за посредување при Министерството за култура на РМ, а врз основа на одржаната седница на Владата на РМ од 29.09.2014 година, достави до ММИ нов предлог на тарифата со сосема нов пристап кон пресметувањето на износите и со дополнителни попусти во делот на паушалните вредности кај јавното соопштување на фонограми и изведби. ММИ беше должна во еден многу краток временски термин од само 10 дена да одговори на предлогот и да достави свое мислење по тој повод.

На седницита на Управниот Одбор и на Собранието на ММИ се предложи формирање на комисија од истакнати членови на организацијата кои ја разбираат наведената проблематика со задача да во најкраток можен период ги ревидираат сите тарифни броеви и да излезат со свое мислење пред органите на организацијата на усвојување на забелешките од страна на Комисијата за посредување при Министерството за култура. На 21.01.2015 одговорот беше доставен до архивата при Министерството.

## РАДИОДИФУЗЕРИ

Во делот на радиодифузното емитување на фонограми и снимени изведби измените и дополнувањата на ЗАПСП подразбираа дополнителни активности и усогласувања. Имено се востановува сосема нов начин на идентификување на емитувани фонограми и изведби и тоа преку систем за електронска евиденција. Тоа претставува компјутерски програм кој треба да го обезбеди организацијата и истиот во соодветна процедура да го инсталира кај секој радиодифузер во Република Македонија. На тој начин преку „фингерпринт“ препознавањето ќе се генерираат плej листи врз основа на кои ќе се изработува распределбата за носителите на правата. За остварувањето на таа законска обврска ММИ ја ангажираше софтверската куќа ГРИД системи, која за таа цел го креираше софтверскиот пакет „ГРИД СЕЕ“. По добиената согласност и доставените податоци за исполнувањето на критериумите за инсталирање на овој софтвер од страна на радиодифузните друштва, ГРИД системи ќе пристапи кон инсталирање на софтверскиот пакет кај секоја радио и телевизиска станица во Република Македонија.

### *Македонска радио телевизија МРТ*

Преговорите со одговорните лица во МРТ и оваа година не се оствариja, поради нивното игнорирање за регулирање на односите со ММИ. Испоставени беа фактурите за првите 6 месеци и вторите 6 месеци од 2014 година.

Врз основа на уредно водената документација стручната служба на ММИ мораше да ја активира процедурата за присилна наплата. Приговорот на решението на нотарот поднесен од страна на правната служба на МРТ доведе до тоа да предметот за јавниот сервис-Македонска Радио и Телевизија се решава преку надлежниот Суд.

На 14.07.2014 г. е донесена првостепена пресуда во корист на ММИ и истата беше доставена до стручната служба на ММИ на 23.09.2014. На првостепената одлука МРТ поднесе жалба до Апелациниот суд, така да во моментот на изготвување на овој извештај се чека Одлука на Апелациониот Суд.

Во меѓувреме на 18.12.2014 година ММИ поднесе нова тужба до МРТ врз основа на ненеаплатените побарувања од уредно доставените фактури за второто шестомесечие од 2013 година и првите шест месеци од 2014 година. Предметот е насрочен текот на Мај 2015 година.

*Радио станици (61 радиостаници)*

Стручната служба на ММИ има перцепирано 61 радиостаници во Република Македонија и има потпишано поединечни договори со 12 радио програмски сервиси од сите категории на корисници. Комуникацијата беше редовна и со останатите 49 радио станици, кои иако немаат потпишано договори, редовно го плаќаат својот долг. Оние кои не извршија уплати и оние кои неразумно го одолговлекуваа плаќањето беа опоменати, а за тие што сепак не платија беше покрената постапка пред нотар. Во 2014 се отворени уште 19 нови радио програмски сервиси на кои ММИ им достави поединечни дописи за соработка.

Евиденцијата на емитувани фонограми и изведби (плеј листи) иако претставува обврска на секој радиодифузер беа доставувани од многу мал број од радио програмските сервиси и врз основа на тие плеј листи и од пристигнатите соодветни уплати се изврши распределбата кон носителите на правата.

*Телевизии (51 ТВ станици)*

Во планот за 2014 година се предвидуваше да се остварат преговорите и да се потпишат поединечни диговори со повеќето телевизиски програмски сервиси во РМ. Голем број од контактите не се оствари од причина што одговорните лица не сакаа да преговараат со претставниците на ММИ.  Врз основа на така поставените односи помеѓу корисниците и организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и музичките изведувачи и врз основа на важечката Тарифа, стручната служба беше приморана да покрене постапки за наплата против голем број од ТВ сервисите во РМ за неплатени долгови врз основа на испоставените фактури.

Во 2014 година се евидентирани уште 11 нови телевизиски програмски сервиси со кои се воспоставува соработка. Доставен е допис за нивно евидентирање во базата на ММИ.

*Сателитски телевизии*

Состојбата со сателитските телевизиски програмски сервиси е слична како со останатите трговски радиодифузни друштва, така да ММИ ја имплементира истата процедура.

*Кабловски оператори*

Кај кабловските оператори состојбата е многу подобра. Главниот оператор **Македонски телеком** меѓу првите потпиша договор со ММИ и веднаш започна со многу прецизна и ефектна соработка во смисол на редовно доставување соодветни податоци и плаќање. Наплатата е во континуитет и се надеваме дека така ќе продолжи и понатака. Односите со кабелскиот оператор - **Оне** се исто така во добра релација и се надеваме дека така ќе продолжат. Кабелскиот оператор **Близу** ги прифати сите понудени опции на преговорите кои заеднички се водеа со претходните два оператора но реализацијата е на многу ниско ниво. Таквата состојба се должи на неодговорната политика на одговорните лица во таа компанија. Беше поведена постапка за присилна наплата пред нотар, чие решение тие го оспорија, по што предметот заврши пред суд и на тој начин беше извршена наплатата. Преговорите со асоцијацијата на останатите кабелските оператори СИЗ МК НЕТ на кои им беше понуден предлог-договор од ММИ се прекинати од страна на асоцијацијата. **Телекабел (Роби)** и **Тотал ТВ** се во судска процедура, **Инел** и **КДС кабел** ги подмируваат своите долгови. Сите останати помали кабелски оператори ќе се идентификуваат во континуитет и со секој од нив ќе се воспоставува поединечна соработка.

УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

Преговорите со Стопанската комора на Македонија која ги застапува интересите на корисниците од категоријата туризам, како и преговорите со Здружението на хотели и ресторани во Македонија ХОТАМ, се интензивираа кон среднината на месец Мај и се окончаа на 07.07. 2014 односно 04.07. 2014 година со потпишување на општи договори. Со овие договори беа опфатени 47 хотели и 38 ресторани и кафулиња. Потпишувањето на договорот со Стопанската комора беше објавено преку електронските и пишаните медиуми што резултираше со дополнителни потпишувања на поединечни договори со уште 10 хотели и 9 ресторани. Веднаш потоа, Сојузот на Стопански Комори на РМ покрена иницијатива за средба со цел да постигне договор со ММИ. Досега со нив не е остварена средба.

Агенцијата Глобал Мјузик Рекордс според договорот со ММИ има задача на терен да изврши перцепција и да прибави податоци за околу 1300 корисници. Од нив ММИ успеа да евидентира 40 корисници на кои им се доставени фактури за 2013 и 2014 година.

Очигледно е дека овој процес на евидентирање на малите корисници е комплициран и тежок процес и затоа Управниот одбор на ММИ донесе одлука стручната служба на ММИ да склучи договор со компанијата Бизнис Мрежа, преку која ќе може да прибавува соодветни податоци преку нивната веб страна на која што се наведени сите корисници во Република Македонија.

ТРГОВСКИ И ДРУГИ РАБОТНИ ПРОСТОРИИ

Во текот на 2013 година започнати се преговори со големите супермаркети како што се Тинекс, Скопски пазар, Веро и други. ММИ беше принудена податоците за површините со кои стопанисуваат споменатите корисници да ги прибави самостојно, а врз основа на тие податоци, важечката тарифа и одобрените попусти испостави фактури до сите овие корисници. Поради непочитување на роковите за исплата и опомените за ненавремено плаќање, ММИ преку правната служба покрена процедура за наплата пред нотар, по што голем дел од постапките продолжуваат како судски спорови.

Принципиелноста со која ММИ настапи кон оваа категорија на корисници доведе до тоа да истите се организираат и да започнат преговори со ММИ преку Стопанската комора на Република Македонија каде што истите се членови. Кон крајот на 2014 година постигната е согласност и се очекува потпишување на договор.

За сите оние корисници за кои ММИ има податоци и ќе добие податоци во наредниот период се применува и ќе се применува важечката Тарифа. Против корисниците на кои им е испоставена фактура, а не ги подмириле долговите ќе се поведе постапка пред нотар. Се очекува дека во најголем дел корисниците ќе приговараат на Нотарските решенија, што значи дека процедурите ќе продолжат пред содветниот суд.

Некои асоцијации на корисници од овој тип, како што се ДМ дрогерии, Транскоп Битола, Котон Магазаџилик, ЛЦ Ваикики, и други покренаа иницијатива за потпишување на договори со ММИ.

## СОФТВЕР

Според измените и дополнувањата на ЗАПСП неопходно е ММИ да набави и систем за евиденција на емитуваните фонограми и снимени изведби и во законски рок да го инсталира софтверот кај сите радиодифузни друштва во РМ. За таа цел ММИ потпиша договор со софтверската куќа Грид Системи од Скопје која веќе работи и на изготвување на програмите преку кои ќе се воспоставаат базите на податоци и ќе се обработува распределбата.

Во мецец Јуни 2014 година стручната служба на ММИ започна со мануелна демо распределба со претпоставен датум 30.06.2014 со што се изведоа пресметки врз основа на који се тестираше званичниот Air Play софтвер на Грид системи. Кон крајот на месец Ноември се извршија сите корекции на грешките и неправилностите, така што сега може да се констатира дека во иднина ќе можеме да имаме доверба во точноста на софтверскиот начин на распределба.

Во меѓувреме Грид системи работше на системот за електронска евиденција наречен ГРИД СЕЕ. На 10.02.2015 Грид системи извршија презентација на СЕЕ пред Министерот на ИОА и преставници од Министерството за култура и врз основа на таа презентација ММИ доби Решение за добивање дозвола за употреба на ГРИД СЕЕ како систем за евидентирање на емитувани фонограми и снимени музички изведби кои самите посебе се радиодифузни.

## ЧЛЕНСТВОТО НА ММИ

Секторот при стручната служба кој ја води регистрацијата на носителите на правата, ќе продолжи са активна работа со цел на анимирање и зголемување на членството на ММИ, како од редот на произведувачите на фонограми, така и од редот на уметниците музички изведувачи.

Состојбата со бројот на членови на ММИ:

| | | |
|---|---|---|
| на 01.01.2014 година е следна: | изведувачи физички лица | 227 |
| | изведувачи правни лица | 0 |
| | **вкупно** | **227** |
| | продуценти физички лица | 54 |
| | продуценти правни лица | 14 |
| | **вкупно** | **68** |
| | **се вкупно членови** | **295** |
| <u>пријавени фонограми и изведби во базата на ММИ</u> | | <u>80</u> |

| | | |
|---|---|---|
| на 01.01.2015 година: | изведувачи физички лица | 275 |
| | изведувачи правни лица | 3 |
| | **вкупно** | **278** |
| | продуценти правни лица | 23 |
| | продуценти физичи лица | 80 |
| | **вкупно** | **103** |
| | **се вкупно членови** | **381** |
| <u>пријавени фонограми и изведби во базата на ММИ</u> | | <u>1374</u> |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Комуникацијата на ММИ со Министерството за култура на Република Македонија како орган под чија капа и надзор е колективното управување на авторското и сродните права е во континуитет.

Во почетокот на 2014 годината во процедура беше изготвувањето на Предлог тарифата по сугестиите од страна на Комисијата за посредување при Министерството за култура. Во законскиот рок од 10 дена по доставувањето на мислењето од комисијата, ММИ на 13.02.2014 го достави финалната Предлог тарифа. Според ЗАПСП Владата на РМ ја одобрува тарифата.

По доставувањето на финансискиот извештај за 2013 година до Владата на РМ истиот беше точка на дневните редови на три владини комисии и тоа: Генерален колегиум на Државни секретари, Комисија за човечки ресурси и Комисија за економски систем. По барање Мислење за финансискиот Извештај за 2013 од Владата на РМ, и по издаденото негативно Мислење по Финансискиот извештај за 2013 година од страна на Министерството за култура, следуваше надзор од страна на Министерството за култура. Надзорскиот Извештај со четири Решенија за постапување беше доставен до ММИ на 01.12.2014 година. Во пропишаниот рок од 35 дена струшната служба и правната служба на ММИ постапи по Решенијата и достави Известување до Министерството за култура на РМ. ММИ ги корегираше неправилностите констатирани во надзорскиот извештајот, додека по едно решение поднесе Тужба пред Управниот суд на Република Македонија.

Во меѓувреме на 30.10.2014. Министерството за информатичко општество и администрација преку Министерството за култура даде забелешки за Барањето на ММИ од 24.07.2014 за добивање дозвола за системот за електронска евиденција на емитувани фонограми и снимени изведби. Во рок од 10 дена ГРИД системи во соработка со ММИ одговори на забелешките и на 31.12.2014 повторно поднесе Барање со спецификација за издавање на дозвола за употреба на „ГРИД СЕЕ“. На 10.02.2015 година ГРИД СЕЕ беше презентиран пред Министерот за ИОА и преставници од Министерството за култура на Република Македонија.

23.03.2015

Стручна служба на ММИ

Извршен директор

Бодан Арсовски